ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 19-1006/11
26.04 2018 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Друштво за услуги и промет на големо и мало
ЕВРОСИМОВСКИ КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ извоз-увоз
Бр. П 12/18
03.05 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ СОГЛАСНО СТАНДАРДОТ ИСО 9001:2015 ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Склучен на ден--- 04.2018 година помеѓу:

1. **Општина Крива Паланка** со седиште на адреса ул. Св.Јоаким Осоговски бр.175 , Крива Паланка претставувано од Градоначалник Борјанчо Мицевски (во понатамошниот текст: ДОГОВОРЕН ОРГАН ) и

2. ЕВРОСИМОВСКИ Консалтинг ДООЕЛ Скопје со седиште на ул,.Ристо Шишков бр.22 , Скопје, претставувано од Михајло Евросимовски (во понатамошниот текст: НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу Општина Крива Паланка од една страна како Договорен орган и ЕВРОСИМОВСКИ Консалтинг ДООЕЛ Скопје од друга страна како Носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за јавна набавка на услуги за имплементација на систем за управување со квалитет согласно стандардот ИСО 9001:2015 во Општина Крива Паланка .

Член 2

Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда поднесена од понудувачот (носител на набавката), по Огласот за доделување на договор за јавна набавка број 19-1006/2018 објавен на веб страницата на Бирото за јавни набавки и Одлуката за избор на најповолен понудувач, донесена од одговорното лице на договорниот органврз основа на техничката спецификација .

ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Цел на набавката е подобрување на управувањето со квалитетот во работењето и давањето на услугите кои ги нуди Општина Крива Паланка преку воведување на систем за управување со квалитет согласно стандардот ИСО 9001:2015.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН И НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 4

Договорниот орган има обврска навремено да го воведе Носителот на набавката во работа и да обезбеди услови за непречено извршување на услугата предмет на овој договор.

Услугите од предметот на набавката се поделени во фази, со што се овозможува преиспитување на статусот на претходно реализираната фаза и утврдување на потребните активности и ресурси пред почетокот на следната фаза.

**– Снимање на постоечката состојба**

Активности за реализација на фаза 1 се:

- Анализа и оценка на постоечките процеси и нивна поврзаност;
- Идентификација на разликите меѓу постоечката состојба и барањата на стандардот;
- Дефинирање на обемот на активности кои ќе бидат потребни да се реализираат од двете страни.

**– Акционен план и назначување на работни тимови за имплементација**

По извршеното снимање на реалната состојба во Општина Крива Паланка, од страна на консултантот ќе се изврши:

- Изготвување на акционен план со дефинирање на активностите за воведување, документирање, имплементација и контролирање на системот за квалитет, со дефинирање на термините за реализација;
- Усогласување и усвојување на акциониот план;
- Избор на координатор и членови на тимот за имплементација од страна на Општина Крива Паланка;
- Дефинирање на термините за редовни посети за извршување на консултациите.

**– Изработка на документацијата на системот за квалитет (процедури, работна документација)**

Неопходната документација за системот за квалитет да биде усогласена со барањата на стандардот ИСО 9001:2015 со цел да биде успешна сертификацијата од реномирано сертификациско тело и тоа:

- Дефинирање на контекстот на Општината и нејзините процеси;
- Изработка на комплетна документација која ја бара стандардот, при тоа користејќи ја постоечката документација на Општина Крива Паланка со која се реализираат активностите;
- Да се усогласат документите и записите и да се воспостави првичниот мониторинг на процесите, од што подоцна ќе произлезе процесот за постојано подобрување;
- Сите документи да се изработат во електронска форма;
- Дистрибуција на креираната документација до одговорните лица во Општината;

**– Реализација на потребните обуки**

- Обука за квалитет (барањата на стандардите ИСО 9001:2015) која е наменета за раководните лица на Општината и членовите на тимот за имплементација и се реализира на самиот почеток на проектот. Обуката опфаќа минимум по еден претставник од сите организациони единици (сектор, одделение), кој број ќе биде дефиниран во договор со Општина Крива Паланка;
- Општа обука за квалитет (барања на стандардите ИСО 9001:2015) која е наменета за вработените во Општина Крива Паланка;

- Обука за интерни проверки на системот за квалитет, која е наменета за одредените интерни проверувачи назначени од страна на Општина Крива Паланка и се реализира пред самиот крај на проектот. За спроведената обука интерните проверувачи ќе добијат уверение – сертификат за интерни аудитори. Бројот ќе биде дополнително дефиниран во договор со Општина Крива Паланка;

**– Имплементација – работење според новоизработената документација**

По воспоставувањето на документацијата на системот за управување со квалитет консултантот и Општина Крива Паланка пристапуваат кон:

- Имплементација на креираната документацијата за системот за управување со квалитет;
- Управување и подобрување на документацијата и записите на системите за квалитет.

**– Контрола на системот**

Со заедничка одлука на консултантите и координаторот од Општината, се пристапува кон реализација на:

- Интерната проверка на системот за квалитет (согласно барањата ИСО 9001:2015);
- Дефинирање и спорведување на корективни мерки;
- Преиспитување на системот за квалитет од страна на раководителите.

**– Подготовка за сертификација**

Подготовка на Општина Крива Паланка за сертификација од независно тело.

**– Следење на процесот на сертификација**

Консултантот за време на сертификацијата ќе биде достапен за давање стручна помош во текот на реализацијата на сертификацијата.

**– Отстранување на неусогласеностите од сертификациониот аудит**

Во случај на утврдена неусогласеност од страна на аудиторите во текот на сертификациониот процес, консултантот ќе учествува во процесот на превземање корективни мерки и ќе биде достапен цело време за давање на консултантска услуга до добивање на сертификатот.

**- Начин на реализација на проектот**

Консултантската куќа услугата ја извршува во деловните простории на Општина Крива Паланка во претходно закажани консултантски посети заедно со координаторот и членовите на тимот избрани од страна на Општина Крива Паланка, водејќи сметка за максимално можно вградување на постоечката позитивна пракса во системот.

**-Резултати на проектот**

Резултатите на проектот се:

- Изработка на Акционен план;
- Мапа на процеси и дијаграми за секој процес;
- Процедури согласно барањето на стандардот и работна документација;

- Изработка на евиденција за спроведената обука за квалитет;
- Извештаи и сите други документи што ги бара стандардот.

**- Гаранции на консултантот**

Консултантот мора да гарантира дека Општина Крива Паланка доколку ги реализира обврските, ќе биде позитивно оценета од страна на реномираното сертификационо тело (кое Општина Крива Паланка ќе го избере) и дека евентуалните неусогласености поврзани за документацијата на системот за квалитет, ќе ги отстани со соодветна кооперативност и исполнување на обврските на Општина Крива Паланка дефинирани со договорот, без надомест.

**-Рок за реализација на проектот**

Вкупното време за реализација на проектот изнесува 3 (три) месеци.
Програмата и траењето на секоја консултантска посета ќе биде претходно договорена и усогласена помеѓу Општина Крива Паланка и Консултанотот, а во согласност со Акциониот план. Бројот на посетите треба да биде соодветен на потребите на секоја фаза од проектот и тежината на процесите.

ЦЕНИ, РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Вредноста на овој договор изнесува најмногу 135.000,00 денари без ДДВ или 159.300,00 денари со ДДВ.

Во цената се вкалкулирани сите трошоци неопходни за извршување на предметот на овој Договор .

Плаќањето по овој договор ќе се врши во рок од 60 дена сметано од првиот нареден ден од прием на фактурата во архивата на Договорниот орган со прилог записник за извршена услуга или друг валиден доказ како потврда за извршените услуги потпишани и заверени од преставници на двете договорни страни со полно име и презиме .

ВРЕМЕ,МЕСТОИ ДИНАМИКА НА ИСПОРАКА

Член 6

Носителот на набавката се обврзува ,услугата предмет на овој Договор ,да ја спроведе во рамките на Општина Крива Паланка .

Реализацијата на услугата треба да отпочне веднаш по потпишување на договорот од двете договорни страни и воведување во работа на Носителот на набавката од страна на Договорниот орган. Краен рок за завршување на услугата на овој договор е 3 месеци од склучување на договорот и воведување во работа согласно методологијата и правилата на IAF.

Услугата предмет на договорот ќе се врши во просториите на Општина Крива Паланка.

Воведување на носителот на набавката во работа од страна на договорниот орган се врши со записник за воведување во работа .

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Договорот влегува во сила со денот на неговото потпишување иод двете договорни страни .Договорните страни се согласни договорот да вази до целосно исполнување ,но не подолго од 12 месеци од неговото влегување во сила

Член 8

Овој договор може да се раскине и пред целосн извршување на услугите ,доколку една од договорните страни не ги извршуваат обврските од Договорот како и во други случаи утврдени со закон ,со претходна писмено известување за раскинување на договорот.

Член 9

Во случај на спор, надлежен е Основен Суд Куманово .

За се што не е предвидено со овој договор, ќе се применат соодветните одредби од Законот за облигационите односи и другите позитивни законски и подзаконски прописи во Република Македонија кои ја утврдуваат материјата предмет на овој договор .

Член 10

Договорот е сочинет во 6 (шест) еднакви примероци од кои по 3 (два) примерока за секоја од договорните страни.

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**
**Општина Крива Паланка**
Градоначалник

Борјанчо Мицевски

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**
ЕВРОСИМОВСКИ Консалтинг ДООЕЛ
Одговорно лице
Михајло Евросимовски